ПРОЦЕНКА НА ПОЛОЖБАТА НА ОКЛУЗАЛНАТА РАМНИНА ВО ОДНОС НА ТОЧКАТА Xi

Бундевска Ј.[1], Капушевска Б.[2], Ангеловска А.[2]

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје, [1]Клиника за мобилна стоматолошка протетика
[2]Клиника за фиксна стоматолошка протетика

Апстракт

Точката Xi по Rcketts претставува референтна точка во определување на оклузалната рамнина сметајќи ја како линија која поминува низ точката Xi, а таа е всушност, центар на рамусот на мандибулата.

Цел на трудот е со помош на латерални телерендгенографски снимки на главата кај испитаници со интактно забало и нормална оклузија, класа Angle I (110 испитаници) и кај испитаници со тотална беззабност и носители на тотални протези (80 испитаници) да ја определиме и процениме оклузалната рамнина во однос на точката Xi.

Врз основа на поставената цел и добиените резултати може да заклучиме дека положбата на оклузалната рамнина кај 70% од испитаниците со природни заби и 59 % од испитаниците од II група, поминува низ точката Xi со отстапување од 1мм, а во третата група кај 48%.

Клучни зборови: тотална протеза, рендгенкраниометрија, оклузална рамнина, Xi точка

Вовед

Губењето на забите е проблем кој ја зафаќа целата популација на земјата, без оглед на расната, етничката, половата и географската припадност. Протетичката рехабилитација е успешна само ако се постигне оптимално функционално единство со останатите компоненти на џвакалниот систем. Стоматолошката научна дисциплина развила бројни дијагностички методи за решавање на беззабноста меѓу кои е рендгенкраниометријата со користење на одредени точки, линии и рамнини.

Точката Xi по Rcketts претставува референтна точка во определување на оклузалната рамнина сметајќи ја како линија која поминува низ точката Xi , а таа е всушност, центар на рамусот на мандибулата (8).

Група автори велат дека оклузалната рамнина во најголем број на случаи поминува низ точката Xi (5), (6), а Mariani (4) пак, во својата студија ја именува точката Xi како задна детерминанта каде оклузалната рамнина се наоѓа просечно под точката Xi за 1,5-3,2 милиметри.

Цел на трудот е со помош на латерални телерендгенографски снимки на главата кај испитаници со интактно забало и нормална оклузија , класа Angle I и кај испитаници со тотална беззабност и носители на тотални

протези, да ја определиме и процениме оклузалната рамнина во однос на точката Xi.

Материјал и метода

За реализација на поставената цел проследивме 190 испитаници избрани по случаен избор и истите ги распределивме во три групи (табела 1). Првата група ја сочинуваат 110 испитаници со интактно забало, нормална оклузија и тоа по 55 од двата пола. Втората и третата група е составена од по 40 испитаници (по 20 од двата пола) со тотална беззабност и носители на тотални протези. Испитаниците од втората група имаат стабилни протези, а оние од третата не се задоволни од нивната стабилност. (2)

Слика 1 *Оклузална рамнина во однос на точката Xi*

На секој од испитаниците направивме телерендгенографско снимање на главата и добиените краниограми ги анализиравме користејќи ја методата за проценка на оклузалната рамнина во однос на точката Xi по Ricketts (1956). (слика 1)

Точката Xi претставува центар на ramus mandibulle и таа се определува со геометриска конструкција со помош на правоаголник чии страни се паралелни со Франкфуртска хоризонтала и со fisura pterigomaxillaris. На пресекот на дијагоналите на овој правоаголник се наоѓа точката Xi.(7). За процената на оклузалната рамнина во однос на точката Xi ја користевме методата по Ricketts. Според

	Број на испитаници					
	I - група		II - група		III - група	
	машки пол	женски пол	машки пол	женски пол	машки пол	женски пол
Први горни молари	55	55	20	20	20	20
Први долни молари	55	55	20	20	20	20

Табела 1 *Број на испитаници од машки и женски пол за трите групи*

Група на испитаници	**Пол**	**Оклузална рамнина**			
		Низ точката Xi ± 1mm [%]		**Над/под точката Xi >± 1mm [%]**	
I - група	Машки	32	67	16	33
	Женски	35		17	
II - група	Машки	28	59	21	41
	Женски	31		20	
III - група	Машки	22	48	25	52
	Женски	26		27	

Табела 2 *Евалуација на местоположбата на оклузалната рамнина во однос на точката Xi кај трите групи испитаници за машки и женски пол*

неа, оклузалната рамнина би требало да поминува низ самата точка Xi или да отстапува од неа со ±1 мм.

Резултати

Добиените резултати од нашите истражувања за проценка на оклузалната рамнина во однос на точката Xi се прикажани во % за секоја група на испитаници, одделно за двата пола (табела 2).

Од табелата јасно се гледа дека кај испитаниците од I и II група процентуалната застапеност за процена на оклузалната рамнина во однос на точката Xi е поголема во случаи кога оклузалната рамнина проаѓа низ точката Xi со отстапување 1 мм, додека кај испитаниците од третата група поголем процент имаме кога оклузалната рамнина се наоѓа над/под точката Xi со отстапување повеќе од 1 мм.

Дискусија

Резултатите од истражувањата што ги направивме за процена на оклузалната рамнина во однос на точката Xi за испитаницитие од I група се дека оклузалната рамнина проаѓа низ точката Xi ± 1 мм кај 67% (32% кај машкиот и 35% кај женскиот пол), кај II група тој процент е 59% (28% кај машкиот и 31% кај женскиот пол), додека преостанатите се над самата точка Xi или под неа ±1мм. Нашиве резултати се совпаѓаат со оние на Migozzi, Mariani и Matysiak. Во III група имавме повеќе пациенти чија оклузална рамнина одеше над/под точката Xi ±

1мм, вкупно 52% (25% кај машкиот и 27% кај женскиот пол).

Зклучок

Врз основа на поставената цел и добиените резултати може да заклучиме дека положбата на оклузалната рамнина кај 70% од испитаниците со природни заби и 59 % кај испитаниците од II група, поминува низ точката Xi со отстапување од ±1мм, а во третата група тој процент е 48%.

EVALUATION OF THE POSITION OF THE OCCLUSAL PLANE RELATED TO Xi POINT

Bundevska J., Kapusevska B., Angelovska A.

Abstract

The Riecketts point Xi referent point in the determination of the occlusal plane considering it, as a line which is passing through the point Xi, and it is actualy a centar of the ramus of the mandibulle.

The aim is that with the help from the lateral telerendgenografics in the head of patiens, which have all their teeth and normal occlusion, class Angle I (110) and patiens, complete dentures carries (80) to determine and evaluate the occlusal plain according to the Xi point.

According to this aim and the results, we can conclude that the position of the occlusal plane, in 70% of the patients with normal teeth and 59% from the patient of the second group, is possing through the Xi point with deviation of ± 1mm, and in the patients of the third group is 48%.

Key words: complete dentures, rendgenocraniometrcs, occlusal plane, Xi point.

Литература

1. Bogdanovski I, Filjanski M, Bojad iev T. Korekcija okluzalne ravni totalnih proteza pomocu kefalometarskih procedura. SGS Novi Sad, 1979; 871-876.
2. Бундевска Ј. Влијание на поставеноста на првите молари врз стабилноста на тоталните протези (докторска дисертација) Скопје, Стоматолошки факултет, 2003.

3. Konstantinovic J. Osnovi opšte i zdravstvene statistike. Medicinska knjiga, Beograd, 1964.
4. Mariani P. Donnees actuells sur le plan d'oclusion en prothese complete Chirurgain dentiste de France. 1979; 49, 33: 50–57.
5. Matisyak M. Etude des parametres osseux et dentaires concourant a l'orientation de la lique d' occlusion par rapport an point Xi Les Cahiers de Prothese U 56, Decembre 1986
6. Monniot A, Migozzi J. La teleradiographie de profil en prothese. Cah Prothese 1977; 18:77-91
7. Ozerovic B. Rendgenokraniometrija i rendgenokefalometrija, Beograd 1984.
8. Ricketts RM. Cephalometric analysis and synthesis. Angle Orthodontics 1961; 31:141-55.